**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**17.03.2025 год.** **Бр.III**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 58-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 14.03.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 58-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.03.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-359/1 од 17.03.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 58-та седница, одржана на 14.03.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 57-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.02.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-321/3 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 10, 11, 12 и 17в. од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр.36/90 “Сл.весник на РМ “бр.44/90; 11/91; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/10; 97/10; 162/10; 11/12; 145/12; 170/13; 139/14; 45/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/23, 65/23, 51/24 и 272/24), и член 53 став 3 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево**

1. На Градоначалникот на Општина Крушево **ТОМЕ ХРИСТОСКИ**, да му се исплати плата во бруто износ од 128.927,00 денари.

2. Во месечната бруто плата од точка 1 на ова Решение ќе се врши зголемување врз основа на минат труд и тоа за 0,5% за секоја наврршена година работен стаж;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува со исплата на платата за месец февруари 2025 година;

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Крушево, одделението за финансиски прашања и Архива на Општина Крушево;

**О б р а з л о ж н и е**

Решението е донесено врз основа на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр.36/90 "Сл.весник на РМ "бр.44/90; 11/91; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/10; 97/10; 162/10; 11/12; 145/12; 170/13; 139/14; 45/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/23, 65/23, 51/24 и 272/24) и е утврден коефициент од 2,08, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2024 година, според податоците на Државниот завод за статистика и изнесува 61.984,00 денари (2,08 x 61.984,00 = 128.927,00 денари).

Платата ќе се зголемува за 0,5%, за секоја наврршена година работен стаж.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на Република Северна Македонија.

**Бр.08-321/5 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2025 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Комуна" Крушево**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на одлуката за измена и дополнуавање на Статутот на ЈП „Комуна" Крушево бр.02-43/7 од 05.03.2025 година, донесена од Управниот одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-321/6 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвои извештајот за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2024 година, бр.01-38/1 од 28.02.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-321/7 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Сл.весник на РСМ” бр.275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, ја усвои Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година, бр.05-37/1 од 27.02.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-321/8 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22; 170/24 и 37/25), член 27 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (“Службен весник на РМ” бр. 61/02; 98/02; 81/05; 24/11; 145/15; 170/17 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-321/9 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршниот Извештај за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа-Крушево за 2024 година бр.05-145/3 од 29.01.2025 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Пописната комисија утврди дека има набавено нова опрема и ситен инвентар за што треба да се спроведе книговодствено книжење.

Општина Крушево има дадено опрема на реверс, констатирана во извештајот.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2024 година.

3. Пописната комисија утврди дека градежните објекти се во добра и употреблива состојба и се внесени на пописни листи.

Утврдена е состојба на ново изградени објекти во 2024 година и истите се внесени на пописна листа.

Комисијата утврди дека постојат инвестиции кои не се завршени и се во тек.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-321/10 од 14.03.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**


1.Заклучок за објавување на актите донесени на 58-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1
2.Заклучок за усвојување на записникот од 57-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 1
3.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година .... 1
4. Решение за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево ............ 1
5. Решение за давање Согласност на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Комуна“ Крушево ........................................................... 2
6. Заклучок за усвојување на извештајот за работа на ЈП „Комуна“ Крушево за 2024 година .......... 2
7. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈП „Комуна“ Крушево за 2024 година ................ 3
8.Заклучок за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година .... 3
9. Заклучок за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2024 година .................... 3
10. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на Општина Крушево, (согласно стручното мислење од ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп) ............................................................ 3



Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.